2024

ЈРП Македонска
Радиотелевизија

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА ЈРП МРТ ВО ПЕРИОДОТ 01.10 - 31.12.2024 ГОДИНА

IV Квартал

**СОДРЖИНА**

ВОВЕД ........ 3
ОСТВАРЕН ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ ОД РАБОТЕЊЕТО НА ЈРП МРТ ВО ПЕРИОДОТ од 10м. до 12 м. 2024 година ........ 3
ПРИХОДИ ........ 4
ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ПРИХОДИ ВО ЈРП МРТ ЗА ПЕРИОД 01.10 – 31.12.2024 ГОДИНА ........ 5
ТРОШОЦИ - РАСХОДИ ........ 5
ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ТРОШОЦИ ВО ЈРП МРТ ПО ГРУПИ ВО ПЕРИОД 01.10-31.12.2024 ГОДИНА ........ 6
Трошоци за вработените ........ 6
Патни и транспортни трошоци ........ 7
Заеднички трошоци ........ 8
Програмски права ........ 9
Останати трошоци од работење ........ 10
Инвестиции ........ 10
АНАЛИТИЧКИ ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ТРОШОЦИ НА ЈРП МРТ ВО ПЕРИОД 01.10 - 31.12.2024 ГОДИНА ........ 11
Состојба на жиро сметки на ЈРП МРТ на 31.12.2024г. ........ 15
Состојбата на девизните сметки на ЈРП МРТ на 31.12.2024 година изнесува: ........ 15
СОСТОЈБА НА ПОБАРУВАЊАТА НА ЈРП МРТ НА 31.12.2024 ГОДИНА ........ 16
РЕКАПИТУЛАР НА ВКУПНИТЕ ПОБАРУВАЊА НА ЈРП МРТ ОД КУПУВАЧИ ВО ЗЕМЈАТА И СТРАНСТВО НА 31.12.2024 ГОДИНА ........ 16
Побарувања од купувачите во земјата ........ 16
Побарувања од купувачите во странство ........ 17
РЕКАПИТУЛАР НА ВКУПНИТЕ ОБВРСКИ НА ЈРП МРТ НА 31.12.2024 ГОДИНА ........ 17
СОСТОЈБА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈРП МРТ НА 31.12.2024 ГОДИНА ........ 18

## ВОВЕД

Македонската Радиотелевизија како јавен радиодифузен сервис, преку своите радио и ТВ канали подготвува и емитува програма од областа на информирањето, образованието, науката, културата и уметноста, документарна и играна програма како и програма со музичко – забавни содржини на македонски јазик, на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кој е различен од македонскиот јазик како и на јазикот на другите немнозински заедници. Преку радио и ТВ сателит и/или интернет, со 24 часовно времетраење, програмата на МРТ е достапна до гледачите и слушателите во европските и прекуокеанските земји.

Согласно член 5 од Законот за јавни претпријатија, ЈРП Македонска Радио Телевизија изготвува тримесечни извештаи со показатели за финансиското работење.

За реализација на програмските содржини во четвртото тримесечје од 2024 година Македонска радио телевизија оствари приходи во вкупен износ од 522.729.140 денари и расходи во износ од 421.231.433 денари при што е остварен позитивен финансиски резултат во износ од 101.497.707 денари.

Во врска со остварениот финансиски резултат значајно е да се нагласи дека после подолг период на континуирано каратење на средствата за финансирање на радиодифузна дејност од страна на државата како и по повеќе писмени и усмени известувања упатени од МРТ до надлежните министерства со кои од нив беше побарано да ја почитуваат законската одредба во врска со финансирањето на радиодифузната дејност, конечно, во последниот квартал од годината од страна на државата и надлежните министерства МРТ ги доби сите заостанати средства за финансирање на радиодифузна дејност за 2024 година како и првата рата од побарувањата од Министерството за дигитална трансформација кои МРТ ги има, а се однесуваат за 2023 година.

***ОСТВАРЕН ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ ОД РАБОТЕЊЕТО НА ЈРП МРТ ВО ПЕРИОДОТ од 10м. до 12 м. 2024 година***

| ОПИС | Остварување 01.10-31.12.2023г. | | Финансиски план 2024г. | | Остварување 01.10-31.12.2024г. | | индекс | индекс |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | износ | стр. | износ | стр. | износ | стр. | 6/2*100 | 6/4*100 |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
| **А.ВКУПЕН ПРИХОД** | **175,170,990** | **100.0** | **1,424,836,000** | **100.0** | **522,729,140** | **100.0** | **298.4** | **36.7** |
| **Б.ВКУПНИ ТРОШОЦИ** | **360,669,588** | **205.9** | **1,398,836,000** | **98.2** | **421,231,433** | **80.6** | **116.8** | **30.1** |
| Трошоци за вработени | 154,176,466 | 88.0 | 598,500,000 | 42.0 | 173,515,523 | 33.2 | 112.5 | 29.0 |
| Патни и транспортни трошоци | 2,457,180 | 1.4 | 12,850,000 | 0.9 | 2,154,793 | 0.4 | 87.7 | 16.8 |
| Заеднички трошоци | 43,801,741 | 25.0 | 199,240,000 | 14.0 | 40,668,288 | 7.8 | 92.8 | 20.4 |
| Програмски права | 143,366,495 | 81.8 | 510,350,000 | 35.8 | 186,481,368 | 35.7 | 130.1 | 36.5 |
| Останати трошоци од работење | 16,867,706 | 9.6 | 77,896,000 | 5.5 | 18,411,461 | 3.5 | 109.2 | 23.6 |
| **ФИНАН.РЕЗУЛТАТ (А-Б)** | **-185,498,598** | | | | **101,497,707** | | | |

## ПРИХОДИ

Во периодот Октомври - Декември 2024 година во рамки на тековното работење на МРТ по сите основи реализирани се приходи во вкупен износ од 522.729.140 денари.

Основен извор на финансирање на работењето на МРТ е приходот за финансирање на радиодифузна дејност, средства кои МРТ ги добива од Буџетот на РСМ – од Министерството за дигитална трансформација. Во анализираниот период овој приход е остварен во износ од 342.154.413 денари или 65,5% од вкупно реализираниот приход во 2024 година. Ова е прв пат по укинување на наплатата на РДТ државата и надлежните министерства да ја почитуваат законската одредба во врска со финансирањето на радиодифузната дејност и на МРТ за 2024 година целосно да и бидат исплатени законски утврдените средства. Оттука, заедно со редовните месечни исплати во износ од 82.317.267 денари, во месец Декември 2024 година по овој основ исплатени се и заостанатите средства во износ од 95.202.612 денари.

Во овој контекст не треба да се изостави и фактот дека токму во врска со исполнување на законската одредба во делот на финансирање на радиодифузната дејност, МРТ и Министерството за дигитална трансформација склучија Вонсудска спогодба согласно која на МРТ ќе и бидат исплатени заостанатите средства во вкупен износ од 235.019.306 денари од кои, во месец Декември беше исплатена првата рата во износ од 80.000.000 денари.

Останатите видови приходи кои се остварени во четвртиот квартал се следните:

За постигнување на повисок степен на програмски и техничко технолошки развој во четвртиот квартал од 2024 година, исто така согласно Законот за ААВМУ, исплатени се средства во износ од 97.000.000 денари.

Од услуги во странство (користење на коментаторски позиции, ISDN линии и слично) како и услуги во земјата (користење на студијата, преснимување на материјали, ангажирање на вработени за извршување на работи од заеднички интерес со останатите институции во анализираниот период остварени се приходи во вкупен износ од 517,863 денари.

По основ на закуп на деловен простор остварен е приход во износ од 67.350 денари додека пак по основ на донации во опрема остварени се средства во износ од 305.587 денари.

Ставката останати деловни приходи има реализација во износ од 2.112.665 денари а истата опфаќа приходи од позитивни курсни разлики, приходи од камати, дополнитено утврдени приходи од минати години, отпишани обврски, наплатени отпишани побарувања по основ на РДТ и друго.

ЈРП МРТ како јавен сервис секогаш настојува на своите гледачи да им ги направи достапни најновите и актуелни програмски содржини од најразлични области, ставајќи акцент при тоа на откуп и емитување на најзначајните спортски настани од чие емитување остварува приход по основ на маркетинг/продажба на рекламно време а истиот, во текот на четвртиот квартал од 2024 година е остварен во износ од 564.992 денари.

## *ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ПРИХОДИ ВО ЈРП МРТ ЗА ПЕРИОД 01.10 – 31.12.2024 ГОДИНА*

| ПРИХОДИ | Остварени приходи 01.10-31.12.2023г. | Планирани приходи за 2024г. | Остварени приходи 01.10-31.12.2024г. | Индекс 4/2*100 | Индекс 4/3*100 | Структура (кол.4) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| Приходи од Буџет на РМ за финансирање на радиодифузна дејност | 167,625,000 | 1,141,336,000 | 342,154,413 | 204.1 | 30.0 | 65.5 |
| Приход од МИОА/Министерство за дигитална трансформација за програмски и техничко-технолошки развој на ЈРП МРТ | 0 | 97,000,000 | 97,000,000 | 0.0 | 100.0 | 18.6 |
| Приходи по основ на финансирање на радиодифузна дејност - Вонсудска спогодба со Министерство за дигитална трансформација | 0 | 80,000,000 | 80,000,000 | 0.0 | 100.0 | 15.3 |
| Закупнини | 89,804 | 500,000 | 67,350 | 75.0 | 13.5 | 0.0 |
| Приходи од услуги во земјата | 689,752 | 3,000,000 | 517,314 | 75.0 | 17.2 | 0.1 |
| Приходи од услуги во странство (технички услуги и сл.) | 72,580 | 2,000,000 | 549 | 0.8 | 0.0 | 0.0 |
| Останати деловни приходи (приходи од камати, позитивни курсни разлики,отпишани обврски,наплатени отпишани побарувања од минати години и сл.) | 3,259,773 | 20,000,000 | 2,112,665 | 64.8 | 10.6 | 0.4 |
| Приходи од наплата на средства по основ на судски одлуки | 0 | 1,000,000 | 6,270 | 0.0 | 0.6 | 0.0 |
| Продажба на рекламно време (маркетинг) | 3,128,493 | 65,000,000 | 564,992 | 18.1 | 0.9 | 0.1 |
| Приходи од продажба на програма и други услуги, отстапени права и реемитување во земјата и странство, приходи од донации | 305,588 | 15,000,000 | 305,587 | 100.0 | 2.0 | 0.1 |
| **СЕ ВКУПНО:** | **175,170,990** | **1,424,836,000** | **522,729,140** | **298.4** | **36.7** | **100.0** |

## ТРОШОЦИ - РАСХОДИ

Што се однесува пак на расходите во анализираниот квартал од 2024 година, тие бележат фактурирана реализација во рамки на планираните износи во сите групи на трошоци. Имено, во текот на периодот Октомври - Декември 2024 година во работењето на ЈРП МРТ остварени се трошоци во вкупен износ од 421.231.433 денари.

***ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ТРОШОЦИ ВО ЈРП МРТ ПО ГРУПИ ВО ПЕРИОД 01.10-31.12.2024 ГОДИНА***

| ТРОШОЦИ | Остварување 01.10-31.12.2023г. | Финансиски план 2024г. | Остварување 01.10-31.12.2024г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| Трошоци за вработените | 154,176,466 | 598,500,000 | 173,515,523 | 112.5 | 29.0 |
| Патни и транспортни трошоци | 2,457,180 | 12,850,000 | 2,154,793 | 87.7 | 16.8 |
| Заеднички трошоци | 43,801,741 | 199,240,000 | 40,668,288 | 92.8 | 20.4 |
| Програмски права | 143,366,495 | 510,350,000 | 186,481,368 | 130.1 | 36.5 |
| Останати трошоци од работење | 16,867,706 | 77,896,000 | 18,411,461 | 109.2 | 23.6 |
| **А. ВКУПНО ТРОШОЦИ:** | **360,669,588** | **1,398,836,000** | **421,231,433** | **116.8** | **30.1** |
| | | | | | |
| **ИНВЕСТИЦИИ** | | | | | |
| | | | | | |
| **Набавка на опрема** | 66,697,240 | 26,000,000 | 46,494 | 0.1 | 0.2 |
| | | | | | |
| **Б. ВКУПНО ИНВЕСТИЦИИ:** | **66,697,240** | **26,000,000** | **46,494** | **0.1** | **0.2** |
| | | | | | |
| **ВКУПНИ РАСХОДИ (А+Б)** | **427,366,828** | **1,424,836,000** | **421,277,927** | **98.6** | **29.6** |

## *Трошоци за вработените*

Групата Трошоци за вработените во четвртото тримесеќје од 2024 година бележи остварување во вкупен износ од 173.522.523 денари или 29,0% од средствата планирани за оваа намена. Оваа група на трошоци ги опфаќа трошоците за бруто плати на вработените кои се пресметуваат согласно позитивните законски прописи што се на важност во РСМ и согласно Колективниот договор на ЈРП МРТ со кој се уредуваат сите права, обврски и одговорности на вработените во МРТ а кои произлегуваат од работниот однос. Во анализираниот период бруто платата изнесува вкупно 152.611.134 денари кои во споредба со истиот период од минатата 2023 година има повисока реализација од причина што во месец Август 2024 година е извршено усогласување на платата во МРТ со минималната плата на ниво на држава. Понатаму, во оваа група се вклучени и трошоците за регрес за годишен одмор во износ од 17.776.325 денари износ кој исто така е повисоко реализиран во однос на 2023 година и тоа поради зголемената просечна плата на ниво на држава која е основа за пресметка, а согласно Колективниот договор на МРТ за регрес за годишен одмор на вработените во МРТ им се исплатуваат 60% од просечната плата. Дел од оваа група се и трошоците за отпремнина на вработените кои оствариле право на пензија и кои изнесуваат 496.736 денари, трошоците за јубилејни награди на вработените кои во МРТ оствариле работен стаж од 10, 20, 30 и 40 години во износ од 1.874.391 денар кои исто така се во согласност на Колективниот договор, како и трошоците за останати - други лични примања на вработените во износ од 335.603 денари, ставка која опфаќа надоместоци за вработените исплатени по разни основи како на пример дадена парична помош во случај на смрт на вработен во МРТ или на член на потесно семејство, парична помош при непрекинато боледување подолго од шест месеци, елементарна непогода. Трошоците за едукација на вработените остварени во износ од 304.680

денари а за здравствени услуги реализацијата инесува 116.654 денари. Просечната нето плата по работник за периодот 10 -12 месец 2024 година изнесува 52.916 денари.

***Патни и транспортни трошоци***

Групата патни и транспортни трошоци е остварена во вкупен износ од 2.154.793 денари и истата е реализирана со 16,8% во однос на вкупно планираните средства со Годишниот финансиски план за 2024 година за оваа намена.

Трошоците за патување на екипите на МРТ за реализирање на програмски цели во земјата, покрај известување за тековните дневни настани, се однесува и на присуството на екипите на МРТ при пренос и известување од разни настани од областа на спортот (фудбал, одбојка, ракомет, кошарка и слично), снимања потребни за разни емисии, преноси од прослави, одбележување на настани и слично. Од патувањата пак на екипите на МРТ надвор од земјата со цел реализација на планираните и тековните активности во врска со снимање на емисии од разни жанрови и области или присуства на настани надвор од границите на државата, кои се реализирани во износ од 1.670.938 денари би ги издвоиле патувањата во: Торино - присуство на ТВ и Радио фестивалот на Јавните радиодуфузни сервиси од целиот цвет, Лион – учество на саем од областа на сточарството "Соммет" во Франција и следење на македонските фармери при посета на француските фарми, Анталија - учество на меѓународна конференција за медиуми организирана од страна на ,Советот на Глобални Новинари, Рига и Ереван - коментирање на фудбалските натпревари Летонија-Македонија и Ерменија-Македонија од лигата на нации на УЕФА, Софија - известување од Парламентарните избори во Бугарија, Тирана - учество на меџународен семинар за новинари за фискална и здравствена политика во ЕУ, Шпанија - снимање на документарна емисија за нашиот голем фудбалски талент Даријан Галевски кој беше избран да тренира во академијата на ФК Барселона - "Ла Масиа", Париз – присуство на состанок на Европската радиодифузна унија посветен на Радиото, Белград - присуство на EXPO Состанок за Програмата за поддршка на новинарството во јавните сервиси за западен Балкан организирано од Дојче Веле Академија и Гете Институт, Цирих - средба со преставници на Европската радиодифузна унија, Белград - Организирана медиумска посета и учество на Конференција NEXT-GEN MEDIA, Милано - Учество на фестивал за спортски филмови и телевизија ,,Milano International", Вилнус - Учество на 19 Собрание за вести во рамки на Европската радиодифузна унија, Мадрид - Учество на Јуниорскиот Евросонг 2024, Белград - известување од Самитот на Отворен Балкан, Тирана - организирана медиумска посета и учество на годишен состанок на ЕРНО, Чикаго - присуство на Меѓународна конференција за вештачка интелегенција, роботизација и визуализација во медиумите и Меѓународна конференција за глобализација и култура во полето на медиумите во организација на Асоцијација за научни и академски истражувања, Брисел - Учество и известување од меѓународен семинар за новинари за сеопфатно и информирано покривање на процесот и пристапување на РСМ кон ЕУ, Херцег Нови - присуство и учество на трибина на синдикални претставници од Јавните сервиси од Западен Балкан на Академијата за пристојна работа при што произлезе документ - Меморандум за пристојна работа

на работниците, Загреб - присуство на Генерално Собрание на Европската радиодифузна унија и состанок за вештачка интелегенција во медиумите организирано од ЕБУ, САД - Присуство на Palm Spring International film festival, Скадар - подготовка и снимање на репортажна емисија за новогодишните празници, Лозана - Работна посета на Зимската генерална аламблеја na EBU 2024 и слично.

Во оваа група на трошоци се вбројуваат и трошоците реализирани во врска со следење на активностите на државниот врв на РСМ и тоа во Берлин, Љубљана, Подгорица, Приштина, Брисел и слично.

### *Заеднички трошоци*

Во четвртиот квартал од 2024 година групата на заеднички трошоци бележи остварување во вкупен износ од 40.668.288 денари а ги опфаќа следните видови трошоци:

- трошоци за суровини и материјали како електричен, технички материјал и материјал за поправка и одржување со вкупно остварување од 125.964 денари,
- трошоци за останати материјали како канцелариски материјал, материјали за возен парк, заштитна облека и обувки со вкупна реализација од 258.725 денари,
- трошоци за енергија - електрична, топлотна, гориво и мазиво во вкупен остварен износ од 12.273.310 денари.
- ситен инвентар и автогуми во износ од 264.584 денари,
- трошоци за поштенски услуги, телефонски услуги (фиксна и мобилна телефонија) и интернет во вкупен износ од 1.043.157 денари и трошоците за реализација на радио и ТВ преноси - аудио и видео линии во износ од 1.282.656 денари,
- остварување во рамки на планираните средства бележат и трошоците за одржување и заштита во кои се вбројуваат трошоците за инвестиционо и тековно одржување на основните средства и градежните објекти во вкупен износ од 884.177 денари, трошоците за обезбедување на имот и лица кои изнесуваат 1.287.498 денари, трошоците за одржување хигиена во просториите во износ од 1.088.178 денари, како и трошоците за одржување на возилата на МРТ во износ од 44.681 денар и трошоците за одржување на ВЕБ страната на МРТ во износ од 250.162 денари,
- групата на комунални услуги – трошоци за вода, ѓубретарина, дератизација и слично е остварена во вкупен износ од 1.793.800 денари што е реализација во рамки на планираниот износ,
- за останати услуги од работењето, односно за објава на огласи и конкурси и регистрација на моторни возила реализирани се трошоци во вкупен износ од 73.641 денар,
- за опремата која се користи во МРТ пресметани се трошоци за амортизација на основни средства и истите изнесуваат 8.187.715 денари,
- трошоците за репрезентација се реализирани во износ од 355.735 денари,
- трошоците за осигурување на движен и недвижен имот во износ од 10.348 денари,

- трошоците за банкарски услуги се остварени во износ од 179.871 денар и истите опфаќаат реализација на платен промет во земјата и странство,
- за надомест за членовите на Програмскиот совет и Надзорниот одбор на МРТ реализирани се трошоци во износ од 3.040.471 денар и истите се пресметуваат и исплатуваат согласно Законот за ААВМУ,
- трошоците за даноци (данок на недвижности, данок на приход за исплати во странство, задржан данок) бележат остварување во износ од 2.975.290 денари кое во најголем обем опфаќа платен данок на странски правни лица за откуп на права за емитување на спортски настани кои во 2024 година беа емитувани на ТВ програмските сервиси на МТВ, како и на откуп на филмови и серии и останати видови соработка,
- трошоците за камати од работење и затезни камати и негативните курсни разлики изнесуваат вкупно 4.539.289 денари, додека пак трошоците за набавка на стоки и услуги до 1.000 евра (надвор од постапка за јавна набавка) се реализирани во износ од 200.956 денари,
- дополнително утврдените расходи по основ на пристигнати фактури во анализираниот период а кои се однесуваат на минати години се остварени во износ од 305.156 денари.

***Програмски права***

Групата на трошоци за откуп на права за емитување на програма во периодот октомври-декември е остварена во вкупен износ од 186.481.368 денари што претставува 36,5% реализација на планираните средства за 2024 година за оваа намена.

За откуп на права за пренос и емитување на спортски настани реализацијата на трошоци во анализираниот период изнесува 1.583.496 денари и истата се однесува на пристигнати фактури по основ на откуп на права за пренос и емитување на натпревари во уметничко лизгање, водени спортови и слично.

Ставката останати програмски права е реализирана во износ од 34.813.033 денари и таа во овој период опфаќа емитување на лиценцирани вести од интернет, трошоци за откуп на права за емитување на документарни емисии, информативни емисии, емисии од едукативен и забавен карактер и слично какви што се ТВ проектите со наслов Избери паметно, Културен пулс, Гео минути, Го сознаваме светот, Кратки квиз прашања, Минути за Македонија, Спортски факти, емисии за деца со наслов Бумеранг, квиз за деца со наслов Мислотека и други.

Трошоците за копродукциски проекти изнесуваат 128.381.230 денари и опфаќаат реализација на договори за заедничка соработка со комитенти за снимање и емитување на серијали од најразновидни жанрови како и за реализација на емисии од областа на модата, музиката, сообраќајот, забавно-контактни емисии, детски емисии и слично, какви што се на пример ТВ проект Приказна, ТВ проект со наслов Околу светот, ТВ проектот 360 Степени, ТВ проект Тонови на идентитет-магија на нотите, Божествена Македонија, ТВ проект Скалила, ТВ проект Трафика, ТВ проект Кај еснафот, документарни емисии со наслов Акорди, ТВ проект Македонската кинематографија и мајсторите кои ја обликуваа, ТВ проект Мајсторите на македонската уметност, ТВ

проект Агенда 35, образовен серијал за деца Авантурите на пиратите, ТВ проект за деца Тинејџерски камп, потоа ТВ серијалот Народни приказни на албански јазик, забавна емисија Низ град со Кики, новогодишна програма, ТВ проект Партнерство за квалитетни реформски процеси преку истражувачко и аналитичко новинарство, ТВ проект Македонски олимпијци, изработка на аудиовизуелни содржини за потребите на ТВ програмските сервиси и слично.

Трошоците во износ од 21.703.609 денари се однесуваат на откуп на права за емитување на серии и филмови од најразлични жанрови за повозрасните групи на гледачи но и на детски анимирани серии наменети за најмладата популација.

### *Останати трошоци од работење*

Оваа група на трошоци бележи вкупна реализација по пристигнати фактури во износ од 18.411.461 денар. Истата ги опфаќа трошоците за ангажирање на надворешни лица преку авторска агенција за склучување на авторски договори и договори за соработка остварени во износ од 7.527.375 денари, трошоците за адвокатски и нотарски услуги во износ од 101.852 денари, потоа трошоците за технички услуги во износ од 49.196 денари, трошоците за учество на јуниорски евросон во износ од 1.133.224 денари како и трошоците за годишни членарини – ЕБУ, ЦИРКОМ во износ од 3.912.280 денари, котизации и акредитации во износ од 91.692 денари и трошоците за мало авторско право ЗАМП во износ од 5.456.904 денари.

### *Инвестиции*

Во делот на инвестициони активности во анализираниот период фактурираната реализација изнесува 46.494 денари.

***АНАЛИТИЧКИ ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ТРОШОЦИ НА ЈРП МРТ ВО ПЕРИОД 01.10 - 31.12.2024 ГОДИНА***

| ТРОШОЦИ | Остварување 01.10-31.12.2023г. | Финансиски план 2024г. | Остварување 01.10-31.12.2024г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| **Трошоци за вработените** | | | | | |
| ***1) Трошоци за вработените*** | | | | | |
| Бруто плати за вработени | 136,175,494 | 570,000,000 | 152,611,134 | 112.1 | 26.8 |
| Регрес за годишен одмор | 16,739,244 | 18,200,000 | 17,776,325 | 106.2 | 97.7 |
| Отпремнина за одење во пензија | 364,160 | 3,000,000 | 496,736 | 136.4 | 16.6 |
| Други лични примања -останати видови надоместоци и помош на вработени | 403,178 | 2,000,000 | 335,603 | 83.2 | 16.8 |
| Јубилејни награди за вработени и пригодни подароци за пензионирање | 282,765 | 4,300,000 | 1,874,391 | 662.9 | 43.6 |
| Трошоци за здравствени услуги | 0 | 650,000 | 116,654 | 0.0 | 17.9 |
| Трошоци за едукација | 211,625 | 350,000 | 304,680 | 144.0 | 87.1 |
| **Вкупно 1- Трошоци за вработените** | **154,176,466** | **598,500,000** | **173,515,523** | **112.5** | **29.0** |
| **Патни и транспортни трошоци** | | | | | |
| ***2)Патни трошоци*** | | | | | |
| Дневници и ноќевања за службени патувања во земјата | 740,402 | 3,000,000 | 313,602 | 42.4 | 10.5 |
| Дневници и ноќевања за службени патувања во странство | 1,244,853 | 5,500,000 | 1,579,750 | 126.9 | 28.7 |
| Превоз за службени патувања во земјата | 0 | 100,000 | 200 | 0.0 | 0.2 |
| Превоз за службени патувања во странство | 389,662 | 3,300,000 | 91,188 | 23.4 | 2.8 |
| Сопствено возило за службени потреби | 33,108 | 400,000 | 139,394 | 421.0 | 34.8 |
| Услуги за патарина, останати услуги од патувања | 49,155 | 250,000 | 24,176 | 49.2 | 9.7 |
| **Вкупно 2** | **2,457,180** | **12,550,000** | **2,148,310** | **87.4** | **17.1** |
| ***3)Транспортни услуги*** | | | | | |
| Услуги за такси превоз | 0 | 300,000 | 6,483 | 0.0 | 2.2 |
| **Вкупно 3** | **0** | **300,000** | **6,483** | **0.0** | **2.2** |
| **Вкупно патни и транспортни трошоци** | **2,457,180** | **12,850,000** | **2,154,793** | **87.7** | **16.8** |
| **Заеднички трошоци** | | | | | |
| ***4)Трошоци за суровини и материјали*** | | | | | |
| Електричен материјал | 346,720 | 700,000 | 31,252 | 9.0 | 4.5 |
| Технички материјал | 600,975 | 1,350,000 | 20,367 | 3.4 | 1.5 |
| Материјал за поправка и одржување | 0 | 300,000 | 74,345 | 0.0 | 24.8 |
| **Вкупно 4** | **947,695** | **2,350,000** | **125,964** | **13.3** | **5.4** |
| ***5)Трошоци за останати материјали*** | | | | | |
| Канцелариски материјал | 312,504 | 1,300,000 | 258,725 | 82.8 | 19.9 |
| Материјал за возен парк и останати материјали | 63,539 | 250,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Заштитна облека и обувки, ХТЗ опрема | 23,600 | 90,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 5** | **399,643** | **1,640,000** | **258,725** | **64.7** | **15.8** |
| ***6)Трошоци за енергија*** | | | | | |
| Трошоци за електрична енергија | 5,112,695 | 36,000,000 | 7,138,647 | 139.6 | 19.8 |
| Трошоци за топлотна енергија | 7,212,674 | 18,000,000 | 4,672,748 | 64.8 | 26.0 |
| Трошоци за гориво и мазиво | 717,963 | 3,500,000 | 461,915 | 64.3 | 13.2 |
| **Вкупно 6** | **13,043,332** | **57,500,000** | **12,273,310** | **94.1** | **21.3** |

| ТРОШОЦИ | Остварување 01.10-31.12.2023г. | Финансиски план 2024г. | Остварување 01.10-31.12.2024г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| ***7)Трошоци за ситен инвентар и авто гуми*** | | | | | |
| Ситен инвентар и автогуми | 755,442 | 1,200,000 | 264,584 | 35.0 | 22.0 |
| **Вкупно 7** | **755,442** | **1,200,000** | **264,584** | **35.0** | **22.0** |
| ***8)Поштенски, телефонски услуги, интернет, аудио и видео линии*** | | | | | |
| Телефонски трошоци-фиксна телефонија | 119,078 | 600,000 | 156,355 | 131.3 | 26.1 |
| Телефонски трошоци-мобилни телефонија | 445,910 | 4,400,000 | 666,186 | 149.4 | 15.1 |
| Трошоци за интернет | 129,983 | 800,000 | 197,142 | 151.7 | 24.6 |
| Поштарина | 44,548 | 300,000 | 23,474 | 52.7 | 7.8 |
| Трошоци за користење на аудио и видео линии | 3,033,012 | 10,000,000 | 1,282,656 | 42.3 | 12.8 |
| **Вкупно 8** | **3,772,531** | **16,100,000** | **2,325,813** | **61.7** | **14.4** |
| ***9)Услуги за одржување и заштита*** | | | | | |
| Агенциски услуги за обезбедување на објектите на МРТ | 1,124,406 | 5,200,000 | 1,287,498 | 114.5 | 24.8 |
| Инвестиционо и тековно одржување на основни средства | 922,430 | 8,700,000 | 884,177 | 95.9 | 10.2 |
| Инвестиционо и тековно одржување на градежни објекти | 2,561,501 | 1,600,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Одржување на возила | 176,873 | 1,000,000 | 44,681 | 25.3 | 4.5 |
| Одржување на алат, ситен инвентар, ГПС уреди | 8,871 | 150,000 | 8,326 | 93.9 | 5.6 |
| Услуги за одржување на ВЕБ страна на МРТ | 250,174 | 1,000,000 | 250,162 | 100.0 | 25.0 |
| Агенциски услуги за одржување хигиена | 1,108,020 | 4,400,000 | 1,088,178 | 98.2 | 24.7 |
| **Вкупно 9** | **6,152,275** | **22,050,000** | **3,563,022** | **57.9** | **16.2** |
| ***10)Комунални услуги*** | | | | | |
| Гаражирање и паркирање на возила | 150 | 30,000 | 1,104 | 736.0 | 3.7 |
| Дератизација, дезинсекција и дезинфекција | 116,734 | 280,000 | 128,532 | 110.1 | 45.9 |
| Трошоци за ѓубретарина | 207,993 | 1,000,000 | 205,675 | 98.9 | 20.6 |
| Трошоци за вода | 667,218 | 4,600,000 | 1,458,489 | 218.6 | 31.7 |
| **Вкупно 10** | **992,095** | **5,910,000** | **1,793,800** | **180.8** | **30.4** |
| ***11)Останати услуги од работењето*** | | | | | |
| Заверка на пасоши,визи и слично | 0 | 100,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Трошоци за огласи и конкурси | 324,375 | 500,000 | 40,516 | 12.5 | 8.1 |
| Трошоци за регистрација на возила, полномоштва и друго | 31,026 | 400,000 | 33,125 | 106.8 | 8.3 |
| Шпедитерски услуги, царински услуги и брза пошта | 0 | 100,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Трошоци за противпожарна заштита (полнење на ПП боци, сервисирање на ПП апарати) | 0 | 350,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 11** | **355,401** | **1,450,000** | **73,641** | **20.7** | **5.1** |
| ***12)Трошоци за амортизација, трошоци за резервирани средства по судски предмети и слично*** | | | | | |
| Амортизација на основни средства | 7,671,783 | 43,190,000 | 8,187,715 | 106.7 | 19.0 |
| **Вкупно 12** | **7,671,783** | **43,190,000** | **8,187,715** | **106.7** | **19.0** |

| ТРОШОЦИ | Остварување 01.10-31.12.2023г. | Финансиски план 2024г. | Остварување 01.10-31.12.2024г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| ***13)Вредносно усогласување (обезвреднување) и траен отпис*** | | | | | |
| Вредносно усогласување на вложувања,ревалоризација на обврски,побарувања од купувачите и отпис на побарувања (РДТ и други побарувања) и останато | 87,453 | 200,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 13** | **87,453** | **200,000** | **0** | **0.0** | **0.0** |
| ***14)Трошоци за реклама, промоција, пропаганда и репрезентација*** | | | | | |
| Трошоци за репрезентација | 311,448 | 1,350,000 | 355,735 | 114.2 | 26.4 |
| **Вкупно 14** | **311,448** | **1,350,000** | **355,735** | **114.2** | **26.4** |
| ***15)Премии за осигурување*** | | | | | |
| Премии за осигурување | 33,726 | 2,450,000 | 10,348 | 30.7 | 0.4 |
| **Вкупно 15** | **33,726** | **2,450,000** | **10,348** | **30.7** | **0.4** |
| ***16)Банкарски услуги и трошоци во платен промет*** | | | | | |
| Такси за истакнување фирма | 0 | 10,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Банкарски услуги | 159,214 | 600,000 | 179,871 | 113.0 | 30.0 |
| **Вкупно 16** | **159,214** | **610,000** | **179,871** | **113.0** | **29.5** |
| ***17)Останати трошоци од работење*** | | | | | |
| Трошоци за спроведување на ИСО стандарди и консултанти | 0 | 200,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Услуги за атестирање, изработка на елаборат за безбедност и заштита при работа | 0 | 150,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Трошоци за стручна литература и списанија | 0 | 110,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 17** | **0** | **460,000** | **0** | **0.0** | **0.0** |
| ***18)Трошоци за надомест и други примања на членови и Надзорен одбор и Програмски совет*** | | | | | |
| Надомест за членови на Надзорен одбор и Програмски совет | 3,147,220 | 10,000,000 | 3,040,471 | 96.6 | 30.4 |
| **Вкупно 18** | **3,147,220** | **10,000,000** | **3,040,471** | **96.6** | **30.4** |
| ***19)Даноци, судски такси и друго*** | | | | | |
| Даноци | 3,892,996 | 6,000,000 | 2,975,290 | 76.4 | 49.6 |
| Судски трошоци и административни такси | 39,410 | 300,000 | 157,701 | 400.2 | 52.6 |
| **Вкупно 19** | **3,932,406** | **6,300,000** | **3,132,991** | **79.7** | **49.7** |
| ***20)Казни,пенали,надомест на штети*** | | | | | |
| Казни, пенали, надомест на штети | 0 | 100,000 | 36,897 | 0.0 | 36.9 |
| **Вкупно 20** | **0** | **100,000** | **36,897** | **0.0** | **36.9** |
| ***21)Дополнително утврдени расходи од минати години*** | | | | | |
| Дополнително утврдени расходи од минати години, останати расходи од работење | 26,657 | 8,500,000 | 305,156 | 1,144.7 | 3.6 |
| **Вкупно 21** | **26,657** | **8,500,000** | **305,156** | **1,144.7** | **3.6** |
| ***22)Камати од работење и затезни камати*** | | | | | |
| Камати од работење и затезни камати | 1,600,241 | 13,000,000 | 3,254,298 | 203.4 | 25.0 |
| **Вкупно 22** | **1,600,241** | **13,000,000** | **3,254,298** | **203.4** | **25.0** |
| ***23)Негативни курсни разлики*** | | | | | |
| Негативни курсни разлики | 251,684 | 4,000,000 | 1,284,991 | 510.6 | 32.1 |
| **Вкупно 23** | **251,684** | **4,000,000** | **1,284,991** | **510.6** | **32.1** |

| ТРОШОЦИ | Остварување 01.10-31.12.2023г. | Финансиски план 2024г. | Остварување 01.10-31.12.2024г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| ***24)Трошоци за набавка на стоки и услуги до 1.000 евра*** | | | | | |
| Трошоци за набавка на стоки и услуги до 1.000 евра | 161,495 | 880,000 | 200,956 | 124.4 | 22.8 |
| **Вкупно 24** | **161,495** | **880,000** | **200,956** | **124.4** | **22.8** |
| **Вкупно заеднички трошоци** | **43,801,741** | **199,240,000** | **40,668,288** | **92.8** | **20.4** |
| **Програмски права** | | | | | |
| ***25)Програмски права*** | | | | | |
| Права за филмови | 33,771,161 | 65,000,000 | 21,703,609 | 64.3 | 33.4 |
| Останати програмски права | 49,097,791 | 120,500,000 | 34,813,033 | 70.9 | 28.9 |
| Надомест за фестивали | 0 | 550,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Права за спортски настани | 7,329,592 | 94,854,000 | 1,583,496 | 21.6 | 1.7 |
| Копродукциски проекти | 53,167,951 | 229,446,000 | 128,381,230 | 241.5 | 56.0 |
| **Вкупно 25-програмски права** | **143,366,495** | **510,350,000** | **186,481,368** | **130.1** | **36.5** |
| **Останати трошоци од работење** | | | | | |
| ***26)Наемнини*** | | | | | |
| Останати наемнини (наем на опрема и недвижнини) | 70,872 | 1,300,000 | 83,863 | 118.3 | 6.5 |
| **Вкупно 26** | **70,872** | **1,300,000** | **83,863** | **118.3** | **6.5** |
| ***27)Останати трошоци од работење*** | | | | | |
| Адвокатски и нотарски услуги | 106,354 | 650,000 | 101,852 | 95.8 | 15.7 |
| Ревизија на финансиски извештаи | 0 | 1,000,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Услуги за вештачење | 0 | 100,000 | 47,200 | 0.0 | 47.2 |
| Технички услуги | 118,093 | 6,400,000 | 49,196 | 41.7 | 0.8 |
| Интелектуални услуги (преведувачки услуги,изработка на проекти,елаборати, стручни мислења и слично) | 5,742 | 200,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Информативни услуги од агенции во земјата и странство | 0 | 50,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Авторски договори-авторска агенција | 5,654,776 | 28,000,000 | 7,527,375 | 133.1 | 26.9 |
| Трошоци за проект Евровизија | 666,953 | 1,500,000 | 1,133,224 | 169.9 | 75.5 |
| Трошоци за судски извршители | 4,934 | 200,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Надомест за наем на сателитски сегмент | 0 | 100,000 | 6,375 | 0.0 | 6.4 |
| **Вкупно 27** | **6,556,852** | **38,200,000** | **8,865,222** | **135.2** | **23.2** |
| ***28)Членарини, котизации,такси,ЗАМП,останати услуги*** | | | | | |
| Годишни членарини - (ЕБУ, ЦИРКОМ, ЕРНО) | 3,963,235 | 16,000,000 | 3,912,280 | 98.7 | 24.5 |
| Котизации и акредитации | 114,619 | 300,000 | 91,692 | 80.0 | 30.6 |
| Мало авторско право (ЗАМП) | 2,621,485 | 18,500,000 | 5,456,904 | 208.2 | 29.5 |
| Надомест за Агенција за филм согласно Закон за филмска дејност | 3,540,643 | 3,496,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 28** | **10,239,982** | **38,296,000** | **9,460,876** | **92.4** | **24.7** |
| ***29)Материјали и услуги за дигитализација*** | | | | | |
| Набавка на дигитални технички материјали и услуги | 0 | 100,000 | 1,500 | 0.0 | 1.5 |
| **Вкупно 29** | **0** | **100,000** | **1,500** | **0.0** | **1.5** |
| **Вкупно останати трошоци од работење** | **16,867,706** | **77,896,000** | **18,411,461** | **109.2** | **23.6** |
| **А.ВКУПНО ТРОШОЦИ** | **360,669,588** | **1,398,836,000** | **421,231,433** | **116.8** | **30.1** |

| ТРОШОЦИ | Остварување 01.10-31.12.2023г. | Финансиски план 2024г. | Остварување 01.10-31.12.2024г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| **Б.ИНВЕСТИЦИИ** | | | | | |
| Набавка на опрема и инвестиции | 66,697,240 | 26,000,000 | 46,494 | 0.1 | 0.2 |
| **Б.ВКУПНО ИНВЕСТИЦИИ:** | **66,697,240** | **26,000,000** | **46,494** | 0.1 | 0.2 |
| **ВКУПНО РАСХОДИ (А+Б)** | **427,366,828** | **1,424,836,000** | **421,277,927** | **98.6** | **29.6** |

## *Состојба на жиро сметки на ЈРП МРТ на 31.12.2024г.*

***Состојбата на расположливи финансиски средства во денари на жиро сметките на ЈРП МРТ на 31.12.2024 година изнесува:***

- Комерцијална банка 1.871.555,00 ден.
- Халк банка 91.906.722,00 ден.
- Стопанска банка 13.431,00 ден.
- Тутунска банка 34.342,00 ден.
- Шпаркасе банка 171.942,00 ден.
- Алфа бакна (Силк роад) 8.176,00 ден.
- Прокредит банка 1.828.660,00 ден.

**Вкупно на сметки 95.834.828,00 ден.**

***Состојбата на девизните сметки на ЈРП МРТ на 31.12.2024 година изнесува:***

- Комерцијална банка 2.934 ЕУР
  1.770 АУД
  104 ДКК
- Прокредит банка 3.666 ЕУР

## *СОСТОЈБА НА ПОБАРУВАЊАТА НА ЈРП МРТ НА 31.12.2024 ГОДИНА*

### *РЕКАПИТУЛАР НА ВКУПНИТЕ ПОБАРУВАЊА НА ЈРП МРТ ОД КУПУВАЧИ ВО ЗЕМЈАТА И СТРАНСТВО НА 31.12.2024 ГОДИНА*

| ОПИС | Состојба на 31.12.2023 | Состојба на 31.12.2024 | Индекси |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4(3/2)*100 |
| **Побарувања од купувачите во земјата** | 2,048,277,311 | 2,044,752,299 | 99.8 |
| **Побарувања од купувачите во странство** | 46,024,736 | 44,275,442 | 96.2 |
| **Вредносно усогласување на побарувањата од купувачите** | -2,075,054,581 | -2,070,466,945 | 99.8 |
| **Вкупно:** | **19,247,466** | **18,560,796** | **96.4** |

### *Побарувања од купувачите во земјата*

| ОПИС | Состојба на 31.12.2023 | Состојба на 31.12.2024 | Индекси |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4(3/2)*100 |
| - редовни побарувања | 2,023,744,427 | 2,020,285,659 | 99.8 |
| - побарувања за кои се поведени судски постапки за присилна наплата | 24,532,884 | 24,466,640 | 99.7 |
| - вредносно усогласување на побарувањата од купувачите | -2,037,055,948 | -2,033,549,054 | 99.8 |
| **Вкупно:** | **11,221,363** | **11,203,245** | **99.8** |

Вкупните ненаплатени побарувања од купувачите во земјата со состојба на 31.12.2024 година изнесуваат вкупно 11.203.245 денари и истите се однесуваат на следните видови услуги:

| ОПИС | Состојба на 31.12.2023 | Состојба на 31.12.2024 | индекси |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4(3/2)*100 |
| - ненаплатени побарувања по основ на радиодифузна такса (обврска на УЈП) | 2,015,310,426 | 2,011,809,452 | 99.8 |
| - радио и телевизиски реклами | 6,578,894 | 4,936,076 | 75.0 |
| - закуп на основни средства | 104,178 | 111,843 | 107.4 |
| - побарувања од корисници на Кулата на МРТ (вода,струја,закуп и сл.) | 1,343,975 | 3,021,334 | 224.8 |
| - побарувања по основ на спогодби | 406,954 | 406,954 | 100.0 |
| - тужени побарувања (за реклами, закупнини и др.) | 24,532,884 | 24,466,640 | 99.7 |
| - вредносно усогласување на побарувањата од купувачите | -2,037,055,948 | -2,033,549,054 | 99.8 |
| **Вкупно:** | **11,221,363** | **11,203,245** | **99.8** |

### *Побарувања од купувачите во странство*

Вкупните ненаплатени побарувања од купувачите во странство со состојба на 31.12.2024 година изнесуваат вкупно 7.357.551 денар а се однесуваат на следните видови услуги:

| ОПИС | Состојба на 31.12.2023 | Состојба на 31.12.2024 | индекси |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4(3/2)*100 |
| - Купувачи во странство (тужени побарувања од отстапени права) | 34,343,943 | 33,268,528 | 96.9 |
| - ТВ услуги | 540,073 | 540,073 | 100.0 |
| - технички услуги | 3,021,048 | 3,021,048 | 100.0 |
| - побарувања од закупнини | 16,786 | 16,786 | 100.0 |
| - отстапени права | 7,616,562 | 6,951,309 | 91.3 |
| - фестивали во странство | 145,901 | 143,195 | 98.1 |
| - побарувања од спонзорства во странство | 319,163 | 313,243 | 98.1 |
| - останати побарувања од странство | 21,260 | 21,260 | 100.0 |
| - вредносно усогласување на побарувањата од купувачите | -37,998,633 | -36,917,891 | 97.2 |
| **Вкупно:** | **8,026,103** | **7,357,551** | **91.7** |

## *РЕКАПИТУЛАР НА ВКУПНИТЕ ОБВРСКИ НА ЈРП МРТ НА 31.12.2024 ГОДИНА*

| ОПИС | состојба на 31.12.2023 год. | состојба на 31.12.2024 год. |
|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 |
| **Краткорочни обврски** | **508,583,170** | **479,517,314** |
| Обврски кон добавувачите во земјата | 220,449,822 | 187,518,255 |
| Обврски кон добавувачите во странство | 60,420,577 | 74,181,869 |
| Обврски за примени аванси од купувачи | 0 | 1,307 |
| Краткорочни обврски за даноци (ДДВ,ДД.ПД) даноци и придонеси на плата,камати по истите | 30,603,932 | 23,309,342 |
| Обврски спрема вработените | 39,573,805 | 36,453,537 |
| Краткорочни обврски МФ (доспена камата и главен долг за Лондонски и Париски клуб) | 143,163,078 | 143,163,078 |
| Останати краткорочни обврски | 1,450,679 | 891,956 |
| Краткорочни обврски за заеми (камата и главен долг АД Аеродроми) | 12,920,280 | 13,996,970 |
| Резервирања по основ на судски спорови (камата и главен долг, ММИ, УЈП) | 997 | 1,000 |
| **Долгорочни обврски** | **124,836,448** | **109,822,285** |
| Долгорочни обврски кон добавувачи во земјата | 2,093,883 | 0 |
| Долгорочни кредити и заеми (АД Аеродроми) | 122,742,565 | 109,822,285 |
| **ВКУПНО ОБВРСКИ** | **633,419,618** | **589,339,599** |

Вкупните обврски на 31.12.2024 година изнесуваат 589.339.599 денари и истите, во однос на состојбата на 31.12.2023 година се намалени за 44.080.019 денари

## *СОСТОЈБА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈРП МРТ НА 31.12.2024 ГОДИНА*

Состојбата на вработените во ЈРП МРТ на 31.12.2024 година изнесува вкупно 630 лица.

**СОСТОЈБА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈРП МРТ НА 31.12.2024 ГОДИНА ПО КВАЛИФИКАЦИИ**

| состојба на | Д-р | М-р | ВСС | ВС | ССС | КВ | НСС | ВКУПНО | разлика |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 30.09.2024 | 2 | 45 | 301 | 6 | 277 | 11 | 1 | 643 | |
| 31.12.2024 | 2 | 45 | 293 | 6 | 274 | 9 | 1 | 630 | -13 |
| структура 31.12.2024г.(%) | 0.3 | 7.1 | 46.5 | 1.0 | 43.5 | 1.4 | 0.2 | 100.0 | -2.0 |

**СОСТОЈБА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈРП МРТ НА 31.12.2024 ГОДИНА ПО НАЦИОНАЛНОСТ**

| состојба на | македонци | албанци | турци | срби | власи | роми | бошњаци | црногорци | хрвати | вкупно | разлика |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 30.09.2024 | 430 | 150 | 25 | 18 | 6 | 7 | 4 | 2 | 1 | 643 | |
| 31.12.2024 | 419 | 150 | 25 | 17 | 6 | 6 | 4 | 2 | 1 | 630 | -13 |
| структура 31.12.2023г.(%) | 66.5 | 23.8 | 4.0 | 2.7 | 1.0 | 1.0 | 0.6 | 0.3 | 0.2 | 100.0 | -2.0 |

Во текот на четвртото тримесечје од 2024 година во ЈРП МРТ нема нови вработуваења. Во истиот период во пензија се заминати следните вработени: Новинар 2 со ВСС, Референт 2 со ССС, Снимател на тон 3 со КВ, Стручен соработник 2 со ВСС и 1 Техничар 2 во Логистика со ССС. Секретар-асистент на режија 1 со ССС и Ооператор на светло 2 со КВ се починати додека еден Снимател камерман 3 е заминат со спогодбено раскинување на Договорот за вработување. На еден вработен, Уредник на редакција со ВСС работното место му е во мирување поради вршење на државна функција.

Скопје, Февруари 2025 година

Директор на ЈРП МРТ

________________________

Марјан Цветковски